# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ-ДОКТОРАНД ЗА НАУЧНА ОБЛАСТ ЕКОНОМИКА И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ТУРИЗМОТ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2602-890/7 од 8 август 2014 година донесена на 117. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 8 август 2014 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на асистент-докторанд за научна област економика и организација на туризмот на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Утрински весник”, „Нова Македонија“ и „Коха“ на 4 јули 2014 година и во предвидениот рок се пријави Наташа Митева, магистер по економски науки.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно - научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Наташа Митева** е родена на 11 август 1987 година во Струмица. Основното и средното гимназиско училиште „Јане Сандански” го завршува во Струмица. Високо образование завршува во 2009 година на Американски колеџ „Солун“ во Солун, Република Грција, и се стекнува со диплома за бизнис администрација со двоен отсек маркетинг и менаџмент со просек 9,06. Во 2010 година на истата институција успешно завршува магистерски студии, со магистерска теза на тема „*Бизнис план за проектот за гасификација на Општина Струмица, Македонија“* и се стекнува со звање магистер по бизнис администрација со концентрација финансии и банкарство со просек 9,41. Во 2011 година се запишува на докторски студии на Економски институт на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на тема „*Раст и развој на хотелските синџири и можни стратегии за влез на македонскиот пазар*“.

Во април 2014 година кандидатката се стекнува со сертификат за познавање на англискиот јазик Cambridge certificate B1 (pass with distinction).

***Кандидатката ги исполнува законските услови предвидени за избор во звање асистент-докторанд, односно има:***

- завршено втор циклус студии од соодветно научно подрачје;
- остварено просечен успех од најмалку 8,50 на прв и втор циклус студии;
- има познавање од англиски јазик кое кандидатката го докажува со потврда за познавање на јазикот и тоа Кембриџ сертификат за прелиминарен англиски јазик (Cambridge Cerficate of Preliminary English) - (B1);
- има објавено минимум еден научен труд;
- способност за наставно-научна дејност (25 поени).

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

М-р Наташа Митева од декември 2011 година е вработена на Факултетот за туризам и бизнис логистика како помлад асистент. Во текот на тие три години држи вежби на повеќе предмети од областа економика и организација на туризмот меѓу кои Економика на угостителство и туризам, Информативни системи во туризмот, Економија на угостителство и Маркетинг на пазарот. Со тоа го исполнува критериумот од минимални 25 поени за наставно-образовна дејност.

Во тој период м-р Наташа Митева е автор на следниве научни и стручни трудови објавени и во електронскиот репозиториум на Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип:

- Dimitrov, Nikola and Kolevska, Natasha (2013) Multimedia performances for pragmatic tourism. 1-th International Conference of Cultural Heritage, Media and Tourism - Ohrid,18-19 Jan 2013. pp. 241-251. (http://eprints.ugd.edu.mk/6058/)
- Колевска, Наташа и Наковска, Јулија (2012) Потенцијали за развој на екохотели во Дојран. Научно-стручна трибина на тема: „Туризмот во Дојранскиот регион“, 20 април 2012, Дојран, Р.Македонија. (http://eprints.ugd.edu.mk/2965/)


## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Членовите на Комисијата за избор на асистент-докторанд за научната област економика и организација на туризмот на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, по разгледувањето на поднесената документација од страна на пријавената кандидатка, едногласно го донесоа следниов заклучок.

Кандидатката м-р Наташа Митева ги исполнува сите законски критериуми за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за да биде избрана за асистент-докторанд на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Покрај приложената комплетна документација покажува и перманентен интерес и желба за научно напредување што се потврдува со објавените научни и стручни трудови. Во поглед на наставно-образовната дејност, кандидатката покажува висок степен на знаење и стручност во перманентниот ангажман како помлад асистент, на повеќе предмети од областа економика и организација на туризмот на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, во изминатиот период.

Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да ја предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да ја избере м-р **Наташа Митева за асистент-докторанд во научната област економија и организација на туризмот на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот** „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Билјана Петревска, доцент, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Марија Ацковска, вонреден професор. член, с.р.**
**Проф. д-р Нако Ташков, вонреден професор. член, с.р.**